**Општинско основно училиште „Киро Глигоров“ – Центар**
**ул. „Адам Мицкиевиќ“ бр.14 1000 Скопје, Република Северна Македонија**
**телефон : 02/6142-744 / 02/6142-745 e-mail : ooukirogligorov@yahoo.com**

# РАЗВОЈНА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА
# НА
# ООУ „КИРО ГЛИГОРОВ“, СКОПЈЕ – ЦЕНТАР
# за период од 2024 - 2028



**Февруари 2024**

**Преамбула**

Развојната програма на ООУ „Киро Глигоров”-Скопје, Центар за периодот од 2024-2028 година е изготвена врз основа на член 49 став 1, 2 и 3 од Законот за основно образование (Службен весник на Република Северна Македонија бр.161/19 и 229/20), член 1, 2 и 3 од глава I и член 4, 5 од глава II од Правилникот за формата и содржината на развојната и годишната програма за работа на основното училиште бр. 18-6579/1 од 6.7.2020 година донесен од Министерот за образование и наука на Република Северна Македонија.

Развојната програма на ООУ „Киро Глигоров“ - Скопје е изготвена врз основа на:

- Законот за основно образование;
- Наставните планови и програми од БРО;
- Концепцијата за основно образование до несена со решение бр.08-3980/1 од 3.3.2021 година;
- Развојната програма на училиштето од 2020-2024 година;
- Статутот на училиштето;
- Самоевалуацијата на училиштето од 2023 година;
- Годишната програма за работа на училиштето за учебната 2023/2024 година;
- Годишниот извештај за работа на училиштето за учебната 2022/2023 година;
- Правилник за основните професионални компетенции на наставниците во основните и средните училишта по подрачја;
- Правилник за основните професионални компетенции по подрачја на стручниот соработник во основните и средните училишта;
- Интерни акти (Статут, Етички кодекси, Деловници за работа на органите и друго).

Развојната програма за работа на основното училиште претставува документ со кој се планираат мисијата и визијата, приоритетните подрачја за развој на основното училиште, како и начинот на следење и евалуација на развојната програма за работа на основното училиште за период од четири години, со цел да се унапреди воспитно-образовната работа.

## Содржина

1.Податоци за основното училиште_____5
1.1 Идентификациони податоци за училиштето_____5
1.2 Историјат на основното училиште_____5
1.3 Специфики кои го карактеризираат училиштето во однос на другите училишта_____6
2. Преглед на постоечките ресурси со кои располага основното училиште_____7
2.1 Број на вработени, стручен профил (човечки ресурси) и стручна подготовка_____7
2.2 Работен стаж на вработените_____7
2.3 Простор_____7
2.4 Опрема и наставни средства_____8
2.5 Материјално-финансиско работење на училиште_____15
3. Подрачје на работа на основното училиште, наставен план и наставна програма_____15
4. Евалуација на работата на основното училиште во претходните четири години_____17
4.1 Самоевалуација на основното училиште (интерна)_____17
4.2 Интегрална евалуација на основното училиште (екстерна)_____21
5. Фактори кои влијаат на развојот на основното училиште (SWOT анализа)_____21
6. Мисија и визија на основното училиште_____24
7. Стратешки цели и приоритетни подрачја за развој на основното училиште во четиригодишниот период_____24
8. Соработка на основното училиште со родителите/старателите_____30
9. Соработка на основното училиште со општината, институциите од областа на образованието, НВО итн._____31
10. Следење на имплементацијата на Развојната програма за работа на основното училиште_____31
11. Евалуација на Развојната програма за работа на основното училиште_____32
12. Заклучок_____32
13. Комисија за изработка на Развојната програма за работа на основното училиште_____33
14. Користена литература _____33

## ВОВЕД

Развојната програма на училиштето, претставува долгорочен развоен документ, со кој се определуваат целите на училиштето, развојот и приоритетите во наредниот период од 2024 година до 2028 година. Развојната програма ги опфаќа планирањата на сите активности во текот на наредните четири години, кои се многу важни за понатамошниот развој на воспитно-образовната и напредок на севкупната работа во училиштето. Развојната програма на училиштето е насочена кон реализација на Визијата на училиштето, која ќе биде поттик за работа и учење, меѓусебната соработка и размена на иновативни идеи, договор и распределба на обврските и одговорностите на сите вработени во воспитно-образовниот процес, како и остварување на сите интереси и потреби на учениците и наставниците, со цел стекнување на образование, искажување и развивање на личните потенцијали, со што значително ќе се подобри квалитетот на воспитно-образовниот процес.

Развојната програма се заснова врз следните документи:

- Законот за основно образование,

- Законот за наставници и стручни соработници во основните и средните училишта,

- Законот за работни односи,

- Стратегија за образование 2018 - 2025,

- Наставни планови и програми, Годишни програми за работа на училиштето, Годишни извештаи за работата на училиштето,

- Самоевалуација на училиштето за период 2019 - 2021 и Самоевалуација на училиштето за период 2021 - 2023 година.

Врз основа на сите овие параметри и согласно Законот за основно образование, Тимот за развојно планирање на ООУ „Киро Глигоров“ го предлага Развојниот план за периодот 2024 - 2028 година,

# 1. Податоци за основното училиште

## 1.1 Идентификациони податоци за основното училиште

| Податоци | |
|---|---|
| Име на основното училиште | ООУ „Киро Глигоров“ - Скопје |
| Адреса | Ул. „Адам Мицкиевиќ“ бр.14 - Скопје |
| Телефон | 02/6142744 |
| Место, општина | Скопје, Центар |
| Веб-страница | www.kirogligorov.edu.mk |
| Е-маил | ooukirogligorov@yahoo.com |
| Ден на училиштето | 3 Мај |
| Верификација - број на актот | Решение бр. 12-9357/2 од 26.8.2019 год. од Министерство за образование и наука |
| Тип на градба | Тврда |
| Внатрешна површина на училиштето (m2) | 12.100$m^2$ |
| Училиштен двор ($m^2$) | 4.100$m^2$ |
| Површина на спортски терени и игралишта | 2.050$m^2$ |
| Подрачни училишта во состав на основното училиште, место | Нема |
| Начин на загревање на училиштето | Парно греење |
| Број на ученици (моментална состојба) | 751 |
| Број на паралелки | 27 |
| Јазик/јазици на кој/кои се реализира наставата во училиштето | Македонски |
| Во основното училиште има паралелки за ученици со посебни образовни потреби | Не |
| Број на смени во кои се реализира наставата во училиштето | Една |
| Во основното училиште има паралелки од музичко училиште | Не |
| Во основното училиште има ресурсен центар | Да<br>Во рамки на училишната зграда работи Центар за деца со церебрална парализа |

## 1.2 Историјат на основното училиште

Својата образовна и културна мисија училиштето ја започнува со неговото основање на 3.9.2019 година. Носител на основачките права е општина Центар, каде по цели 5 децении се изгради современ и модерен архитектонски објект кој претставува симбиоза помеѓу училиште и зелен парк. Архитект Бесиан Мехмети со архитект Стефан Атанасоски, архитект Никола Кунгуловски и архитект Арменд Хебипи, се воделе од идејата преку стаклената фасада да ги доближат надворешните и внатрешните содржини, така тие да се вклопат една во друга создавајќи место кое инспирира и отвора нови перспективи за најмалите. Авторите на училиштето се закитија и со Големата годишна награда за најуспешно реализирано архитектонско дело во 2019 година. Честа за прв директор на најсовременото основно училиште во Р.С. Македонсија и во регионот ја има директор Билјана Билбиловска чија визија е создавање модерно училиште - училиште на 21 век, лидер во регионот. Во состав на училиштето има 21 современа училница со акустика на простор, 7 специјализирани кабинети за предметна настава,

спортска сала и гимнастичка сала, ботаничка градина, сензорна соба, библиотека, трпезарија со кујна, наставнички кабинет и канцеларии за персонал, како и инклузивна просторија – Дневен центар за деца со церебрална парализа. Сите училници и кабинети се опремени со стандардни школски табли, прожектори и интерактивни паметни табли со повеќе функционалности на допир. Секој од специјализираните кабинети располага со соодветна опрема преку која се вмрежуваат наставните содржини со различните научни дисциплини кои се изучуваат. На учениците им се овозможува опипливо учење и поврзување на нештата мултидисциплинарно, како и да ја развиваат својата свест за околината и општеството и да го проширувaат детскиот светоглед. Одговорната улога на нашето училиште вклучувајќи ги сите делови на неговиот корпус е да создаде погодни услови за развој на личноста на поединецот во кој се отелотворува иднината на заедницата.

## 1.3 Специфики кои го карактеризираат основното училиште во однос на другите основни училишта

Училиштето се наоѓа во Општина Центар во населбата Капиштец. Во неговата непосредна околина се наоѓа градинката ,,Кочо Рацин”, ДИЦ, Заводот за вработување, ТЦ Беверли Хилс и Универзитетската клиника за рехабилитациона и физикална медицина.

Нашето училиште со некои од овие институции остварува долгогодишна и успешна соработка.

Како резултат на успешна соработка помеѓу наставниците, родителите и учениците и нивната ангажираност, нашето училиште е вклучено во поголем број на проекти од кои што придобивките овозможуваат подобри услови за реализирање на воспитно-образовниот процес.

**Проекти во кои училиштето учествува се следниве:**

- Компостирање во училиште за здрава животна средина

- Градиме мостови со Лего и Микробит

- Меѓуетничка интеграција на младите во образованието

- Интеграција на еколошката едукација во македонскиот образовен систем

- За да се развива детскиот ум, потребно е прво да се засади семе

- Зелени пораки за Зеленодонија

- Е - Твининг и Еразмус +

## 2. Преглед на постоечките ресурси со кои располага основното училиште

### 2.1 Број на вработени и стручен профил (човечки ресурси) и стручна подготовка

| Стручен профил | Број на извршители | | Стручна подготовка | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | О | ССС | ВШС | ВСС | М-р |
| **Наставен кадар** | **Одделенска настава** | **32** | | | | 26 | 6 |
| | **Предметна настава** | **16** | | | | 15 | 1 |
| **Раководен кадар** | **1** | | | | | 1 | |
| **Стручни соработници** | **4** | | | | | 4 | |
| **Административни службеници** | **1** | | | | | 1 | |
| **Помошен и технички кадар** | **6** | | **1** | **5** | | | |

### 2.2 Работен стаж на вработените

| Работен стаж | Број на вработени наставници во одделенска настава | Број на вработени наставници во предметна настава | Број на вработени стручни соработници | Број на вработени админи-стративни службени-ци | Број на вработен технички персонал | Број на вработен раководен кадар |
|---|---|---|---|---|---|---|
| До 10 години | 11 | 12 | 2 | 1 | 3 | / |
| Од 10 до 20 години | 17 | 2 | 1 | / | 1 | / |
| Од 20 до 30 години | 4 | 2 | 1 | / | 2 | 1 |
| Повеќе од 30 години | / | / | / | / | / | / |
| Вкупно | 32 | 16 | 4 | 1 | 6 | 1 |

### 2.3 Простор

| Простор | Вкупен број | Површина ($m^2$) | Состојба (се оценува од 1 до 5, согласно Нормативот од 2019 година) | Забелешка (се наведува потребата од дополнителни простории, реконструкции и сл.) |
|---|---|---|---|---|
| Училници | 26 | 63.02$m^2$ | 5 | |
| Кабинети | 3 | 132.37$m^2$ | 5 | |
| Сензорна соба | 1 | 48.00$m^2$ | 5 | |
| Библиотека | 1 | 121.66$m^2$ | 5 | |
| Медиотека | / | / | / | |
| Читална | / | / | / | |
| Спортска сала | 1 | 718.50$m^2$ | 5 | |
| Канцеларии | 8 | од 16.22$m^2$ до 69.77$m^2$ | 5 | |
| Училиштен двор | 1 | 4.100$m^2$ | 5 | |
| Заеднички простор за прослави | 1 | 461.31$m^2$ | 5 | |
| Кујна | 1 | 83.22$m^2$ | 5 | |
| Трпезарија | 1 | 260.97м2 | 5 | |
| Друго | / | / | / | |

**2.4 Опрема и наставни средства согласно „Нормативот и стандарди за простор, опрема и наставни средства“**

| Наставен предмет (одделенска и предметна настава) | Постоечка опрема и наставни средства | Потребна опрема и наставни средства |
|---|---|---|
| Информатика | Смарт табли – 29<br>Таблети – 8<br>Десктоп компјутери – 24 | |
| Математика | Агломер<br>Шестар дрвен<br>Вага за еднаквост<br>Модел на куб<br>Модел на цело - дропки<br>Вертикален бројач<br>Вртливо тркало со рачка со цела револуција од 1м<br>Модели на 3Д форми за определување на плоштина<br>Сет модели на 3Д форми за пресметување волумен<br>Сет за геометрија составен од дрвен шестар<br>Агломер и 2 триаголници | наставниците во текот на учебната година доставуваат барање за набавка на потребна опрема и наставни средства потребни за реализирање на редовната настава |
| Физика | Основен сет за електроника<br>Динамометар<br>Основен сет за магнетизам<br>Електрично решо со 1 рингла<br>Коса рамнина, со можност за менување агол на наклон, модел за определување<br>на триење на телата.<br>Челична метална лента-метро 3m<br>Комплет за демонстрации од оптика (замена за Хартлова плоча<br>Вага (со точност +/- 0,01g)<br>Дигитална вага (со точност +-1g)<br>Сет од мин. 8 тегови со вкупна тежина од 1000g<br>Сет од мин. 7 тегови со вкупна тежина од 500g и пинцета за пренесување<br>Сет од мин. 10 тегови со две куки<br>Сет од мин. 7 тегови со една кука со различна тежина<br>Комплет за електростатика<br>Електроскоп<br>Електростатска (инфлуентна) машина или Ван дер Графов генератор<br>Магнет во форма на потковица<br>Магнет во форма на прачка<br>Магнет во форма на игла, со постоље<br>Железни струготини 30g | |

| | | |
|---|---|---|
| | Сет од звучни виљушки со разни фрекфенции<br>Резонатор виљушка 400Hz<br>Осцилоскоп<br>Прибор за спроведување топлина (кондукција)<br>Модел или вага за демонстрација на Архимедов закон<br>Сет од мин. 4 коцки за демонстрација на специфична тежина<br>Сет од мин. 5 цилиндри за демонстрација на специфична тежина<br>Ротирачка стега<br>Мензури од 25ml<br>Мензури од 50ml<br>Мензури од 100ml<br>Мензури од 500ml<br>Стаклени лабораториски чаши 1000ml (Боросиликатниот стаклен сад)<br>Стаклени лабораториски чаши 200ml (Боросиликатниот стаклен сад)<br>Стаклени лабораториски чаши 100ml (Боросиликатен стаклен сад)<br>Електричен бокал<br>Демонстратор на Паскалов закон- модел за демонстрација на дејствување на еднаков притисок во сите насоки.<br>Сет од мин. 4 пружини со различна крутост (во било кој опсег од 0.5N до 14N)<br>Шублер<br>Дигитални термометри<br>Лабораториски термометар -алкохолен од -10° C до +150° C<br>Амперметар-уред за мерење јачина на струја<br>Волтметар-уред за мерење електричен напон<br>Дигитални мултиметри<br>Галванометар<br>Кабли за поврзување електрично коло, 35cm<br>Кабли за поврзување електрично коло, 50cm<br>Сет од 10 адаптери за штипки-крокодилки (алигаторки)<br>Кутија за демонстрација на намалувањето/зголемувањето отпорноста на колото<br>Модел за покажување на работниот | |

| | | |
|---|---|---|
| | принцип на електричното ѕвонче.<br>Модел на единечен прекинувач, ножест<br>Модел на двоен прекинувач Светилка 6V/0,30W/E10, јасно LAMP 6V/0,30W/E10, CLEAR<br>Куќиште за светилка<br>Отпорник 47Ω, со куќиште и приклучоци за жица<br>Отпорник 100Ω, со куќиште и приклучоци за жица<br>Модел за електромагнет составен од два калема на<br>У-метален дел<br>Динамометри, 1N<br>Динамометри, 2N<br>Динамометри, 5N<br>Динамометри, 10N<br>Комплет за демонстрација на промени на хидростатички притисок<br>Уред за демонстрација на трансформација на енергија од еден во друг вид<br>Дидактички ласер во комплет со статив и 3V напојување.<br>Сет од мин. 7 различни призми<br>Ласерски покажувач, црвен (~650nm) ~5mW<br>Ласерски покажувач, зелен (~530 nm) ~5mW<br>Ласерски поинтер, син (~405nm) ~5mW<br>Постер со мерни единици во SI систем | |
| Хемија | Шпиртна ламба<br>Мензури, инки, пипети, епрувети Микроскопски сет<br>Периоден систем<br>Канти за лабораториски отпаден материјал 3 L<br>Противпожарен апарат согласно регулативата во РСМ и сандаче со песок<br>Кутија со прибор за прва помош со содржина согласно DIN 13157<br>Таблица на периодниот систем на елементите – постер<br>Епрувети од лабораториско стакло со обрач на врвот (160mm x 16mm)<br>Епрувети од лабораториско стакло со обрач на врвот (200mm x 25mm)<br>Лабораториска чаша, градуирана, лабораториско стакло, 100cm3<br>Лабораториска чаша, градуирана, лабораториско стакло, 250cm3<br>Лабораториска чаша, градуирана, | |

| | | |
|---|---|---|
| | лабораториско стакло, 500cm3<br>Мензура изработена од лабораториско стакло, зафатнина 50cm3<br>Мензура изработена од лабораториско стакло, зафатнина 100 cm3<br>Мензура изработена од лабораториско стакло, зафатнина 250cm3<br>Мензура изработена од лабораториско стакло, зафатнина 500cm3 Саатни стакла d=80mm<br>Одделителна инка, цилиндрична, стакло, градуирана, 100mL Стаклени инки<br>Безбедносна запалка на плин<br>Стаклени цевки дијаметар 6mm, должина 50cm,<br>Стаклени цевки дијаметар 8mm, должина 50cm, Стаклени цевки дијаметар 10mm, должина 50cm, Стаклени прачки<br>Димензии: Дебелина 1cm и должина 15cm.<br>Градуирани пипети<br>Пумпици за пипетирање од природна гума<br>Ерленмаер 300mL со широко грло, изработен од лабораториско стакло Капалки/Пастерови пипети 3mL, пластични<br>Стаклена када 20cm x 20cm x 40cm со дебелина на стакло мин. 6mm<br>Стаклени шишиња за реагенси 100ml, 500ml и 1000ml од лабораториско стакло, со затворач<br>Пластични шишиња за реагенси со тесно грло капацитет 100ml и 500ml, со затворач<br>Стаклени шишиња за индикатори, од стакло, со пипета, зафатнина 100ml<br>Либигово ладило со Стаклен сад за мерење<br>Порцелански здели<br>порцеланско аванче d=80 mm<br>толчник за аванче со пречник на глава 35-36mm и должина 150mm<br>Метален статив со прачка од хромиран челик, висина од 250mm, дебелина 12mm<br>Муфи за прачки<br>Клеми<br>Метален прстен за филтрирање<br>Пинцета, тапа, права, од нерѓосувачки челик<br>Метален триножник<br>Метална мрежа за триножник поцинкувана<br>дрвена штипка за епрувети<br>Спиртна ламба<br>Лабораториски црева, проѕирни, | |

| | | |
|---|---|---|
| | температура од -40⁰C до +80⁰C<br>Гумени затки (со отвор низ кој може да помине цевка)<br>пластични затки за епрувети<br>Заштитни лабораториски очила со заштита против гребење<br>Електрично решо со една рингла<br>Термометар дигитален со заштитна пластика и проба за инсертирање (-40⁰C до +200⁰C)<br>Лупа со рачка<br>Филтерна хартија, 100/1<br>Сет од четки за миење лабораториски инструменти- мин. 3 големини<br>Безсиликонски вазелин за подмачкување стаклени спојки 100ml<br>Боца прскалка од лабораториска пластика, зафатнина 250 ml<br>Пластична туба за дестилирана вода od 10L, градуирана, со чеп<br>Модел на молекули<br>Заштитни ракавици отпорни на топлина и сеченици S (10), M (10), L (10)<br>Волуметриска тиквичка од 100mL изработена од проsирно лаб. стакло<br>Волуметриска тиквичка од 250mL изработена од проsирно лаб. стакло<br>Лабораториски мантил-големини M (10), L (10), XL (10) | |
| Биологија | Модел на скелет<br>Модел на цвет од грашок<br>Дигитален термометар<br>Лупа со лед светло<br>Лупа на сталак<br>Лупа со зголемување 10X<br>Дигитален апарат за мерење на крвен притисок<br>Папки за изработка на хербариум<br>Плутана табла<br>Магнетна табла<br>Микроскопски препарати-25 слајдови за ботаника<br>Микроскопски препарати-25 слајдови за зоологија<br>Микроскопски препарати-слајдови за бактерии<br>Микроскопски препарати- слајдови за хистологија<br>Предметни стакленца за користење под | |

| | | |
|---|---|---|
| | микроскоп<br>Покривни стакленца за користење под микроскоп<br>Лабораториски стаклени чаши 100ml<br>Микропипета со микро волумен од 1000µl<br>Микропипета-макро модел од 2 ml, од 2,5ml од 5ml и од 10ml.<br>Сет од 5 пипети<br>Инка стаклена димензии: 30mm, 50mm, 60mm, 75mm и 90mm<br>Сет со ножички<br>Пинцета Debackey<br>Пинцета Dressing<br>Скалпел<br>Еза (микробиолошка игла)<br>Држачи за епрувети<br>Шпиртна ламба<br>Термометри (стаклени, лабораториски) pH метар<br>Инка стаклена димензии: 40mm<br>Епрувети со тапа 18x180mm<br>Епрувети од боросиликатно стакло 15x150mm, 16x160mm и 25x200mm<br>Епрувети со тапа 15x150mm и 20x200mm<br>Мензури Волумен: 200mm<br>Лабораториско шише за перење на гас 100ml, 150ml, 250ml и 500ml<br>Лабораториска игла<br>Петриеви садови со димензии 100 X 15mm разделени на 3 дела<br>Петриеви садови со димензија 100 X 15mm без разделител, во сет<br>Петриеви садови со димензија 100 X 15mm без разделител, поединечно<br>Метро лента<br>Дигитална вага (кујнска)<br>Модел на скелет на човек со крвни садови<br>Модел од око<br>Модел на кожа<br>Модел на растителна клетка<br>Модел на дигестивен систем<br>Модел на срце<br>Модел на репродуктивен систем кај жена и кај маж<br>Модел на респираторен систем кај човек<br>Модел на циркулаторен систем кај човек<br>Модел со пресек на бубрег<br>Модел на анатомија на лист<br>Модел на цвет од праска | |

| | | |
|---|---|---|
| | Модел на монокотиледони<br>Модел на дикотиледони<br>Модел на DNA<br>Модел на мозок<br>Модел на уво<br>Череп<br>Модел на заб<br>Модел на вилица | |
| Географија | Географска карта на Европа-1<br>Географска карта на Свет-1<br>Географска карта на Северна и Јужна Америка-2 | |
| Музичко | Синтисајзер-1<br>Пијано | |
| Физичко и здравствено образование | Кошев -2<br>Топки-8<br>Јажиња-4<br>Обрачи -16<br>Душеци-45<br>Коњ за гимнастика-1<br>Разбој за гимнастика-1<br>Отскочна даска-2<br>Шведска даска-1<br>Ниска греда за гимнастика-1<br>Греда за гимнастика висока-1<br>Рибстол за гимнастика-7<br>Конструкција за морнарски скали и јажиња4<br>Карики-1<br>Мрежа за мобилна одбојка-1<br>Јаже за гимнастика-8<br>Палки за штафета-16<br>Обрач за гимнастика-24<br>Конус за гимнастика-30<br>Стап за гимнастика-30<br>Топка медицинка-2кг.-5<br>Топки за одбојка-10,<br>за кошарка-10, за фудбал-10, за ракомет-10 | |
| Одделенска настава | Геометриски тела дрвени-1 комплет<br>Геометриски плочки-1комплет<br>Школска вага и тегови за вага-1 комплет<br>Сет дрвени триаголници- 1комплет<br>Глобус-1<br>Човечко тело – торзо-1<br>Модел на дропки-1<br>Магнети во боја-1<br>Математички картички-1<br>Едукативни постери-3<br>Стапчиња за броење-1 | |

| | | |
|---|---|---|
| | Релјефна карта на Р.С. Македонија-1<br>Географска карта на Р.С. Македонија-1<br>Синтисајзер-1 | |
| Останата опрема | Десктоп компјутери-9<br>Лап топ-27<br>Прочистувачи на воздух-15<br>Принтери-5 | |

## 2.5 Материјално-финансиско работење на училиште

Материјално-финансиското работење на училиштето, како што е во пракса, секоја учебна година се спроведува во согласност со сите законски норми за кои надлежни се Директорот и Училишниот одбор кој редовно е запознаен со финансиското работење на училиштето. Контролата на законското работење ја врши општината, МОН, Државниот завод за ревизија и УЈП, преку доставување на годишен финансиски план и финансиски извештаи од страна на училиштето. Финансикиот план и извештаите од финансиското работење ги изработува сметководителот и ги доставува до Директорот, а потоа истите се усвојуваат од страна на Училишниот одбор. Училиштето располага и со финансиски средства од сопствени приходи кои се користат согласно Планот за финансиско работење на сопствената сметка. Средствата од оваа сметка се користат за подобрување на условите за работа и функционирање на училиштето и за обезбедување на подобри услови за реализација на воспитно-образовниот процес. Средствата од донаторските сметки се користат строго за намената за која се добиени, односно за реализација на проектот за кој е аплицирано. Сметководителот изработува Финансов годишен план за сметките со кои работи училиштето. Покрај ова, сметководителот изработува и месечен план, тримесечен план и извештај за потрошените средства во текот на секој месец, директорот на училиштето ги разгледува и потпишува и истите ги доставува во општината. Сметководителот заедно со директорот изработуваат План за јавни набавки, каде како и вообичаено се води сметка за домаќинското работење со финансиите, при тоа имајќи ги во предвид потребите на вработените, како и материјалните и хигиенските услови во училиштето. Овој план, како и секоја негова промена во согласност со Правилникот за јавни набавки, се разгледуваат и усвојуваат на Училиштен одбор. Училишниот одбор е запознаен со сите финансиски активности во училиштето.

## 3. Подрачје на работа на основното училиште-наставен план, проширена програма и друга воспитно-образовна работа

Дејноста на училиштетото – основно образование, е верифицирана со решение бр. бр. 12-9357/2 од 26.8.2019 год. од Министерство за образование и наука. Училиштето во учебната 2023/2024 година работеше според наставниот план за деветгодишно основно образование од БРО. Наставниот план од прво до шесто одделение се реализира согласно Концепцијата за основно образование(08-3980/1 од 3.3.2021година). Во учебната 2023/2024 година се реализираат наставни програми по задолжителни, изборни предмети и слободни изборни предмети согласно програмите од БРО за деветгодишно основно образование.

**Општинско основно училиште „Киро Глигоров“ – Центар**
ул. „Адам Мицкиевиќ“ бр.14 1000 Скопје, Република Северна Македонија
телефон : 02/6142-744 / 02/6142-745 e-mail : oоukirogligorov@yahoo.com

**Табела: Број на ученици**

| Одделение | Број на паралелки | Број на ученици | Етничка и родова структура на учениците | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Македонци | | Албанци | | Турци | | Роми | | Срби | | Бошњаци | | Власи | | Други | |
| | | | М | Ж | М | Ж | М | Ж | М | Ж | М | Ж | М | Ж | М | Ж | М | Ж |
| **I** | 4 | 103 | 53 | 49 | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | 1 | / | / | / |
| **II** | 4 | 110 | 56 | 50 | / | / | / | 1 | / | / | 2 | / | / | / | / | / | 1 | |
| **III** | 4 | 116 | 55 | 56 | 2 | / | / | / | / | / | 1 | / | / | / | 1 | / | 1 | / |
| **IV** | 4 | 117 | 53 | 64 | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / |
| **V** | 3 | 88 | 45 | 41 | / | / | 1 | / | / | / | / | 1 | / | / | / | / | / | / |
| **I –V** | **19** | **534** | **262** | **260** | **2** | **/** | **1** | **1** | / | / | **3** | **1** | / | / | **2** | **/** | **2** | **/** |
| **VI** | 2 | 60 | 25 | 35 | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / |
| **VII** | 2 | 50 | 18 | 31 | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | 1 | / | / | / |
| **VIII** | 2 | 54 | 25 | 28 | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | 1 |
| **IX** | 2 | 53 | 20 | 30 | / | / | / | / | / | / | 1 | 1 | / | / | | / | 1 | / |
| **VI- IX** | **8** | **217** | **88** | **124** | **/** | **/** | **/** | **/** | **/** | **/** | **1** | **1** | **/** | **/** | **1** | **/** | **1** | **1** |
| **I - IX** | **27** | **751** | **350** | **384** | **2** | **/** | **1** | **1** | **/** | **/** | **4** | **2** | **/** | **/** | **3** | **/** | **3** | **1** |

**Општинско основно училиште „Киро Глигоров“ – Центар**
**ул. „Адам Мицкиевиќ“ бр.14 1000 Скопје, Република Северна Македонија**
**телефон : 02/6142-744 / 02/6142-745 e-mail : oukirogligorov@yahoo.com**

**ПРОШИРЕНА ПРОГРАМА во ООУ „Киро Глигоров“, Скопје**

Во ООУ „Киро Глигоров“, Скопје се реализира проширена програма согласно Концепцијата за основно воспитание и образование.

Проширената програма во основните училишта опфаќа организирано прифаќање и заштита на учениците еден час пред започнувањето на наставата и еден час по завршувањето на редовната настава, како и продолжен престој.

ООУ „Киро Глигоров“, Скопје, за учениците од прво, второ и трето одделение организира прифаќање и заштита на учениците два часа по завршувањето на редовната настава во согласност од родителите.

ООУ „Киро Глигоров“, Скопје поставува соодветна организација за прифаќање на учениците во дежурна училница. Дежурниот наставник ги прифаќа учениците од прво, второ и трето одделение со писмен доказ од страна на одделенскиот наставник. Дежурниот наставник води евиденција за времето на престојот на учениците во дежурната училница .

ООУ „Киро Глигоров“, Скопје изготвува распоред за дежурни наставници во дежурна училница два пати годишно, на почетокот од првото полугодие и на почетокот на второто полугодие.

| Активности/задачи | Временска рамка | Носител | Ресурси |
|---|---|---|---|
| Продолжен престој-Организирани активности(изработна на домашни задачи, други активности, работилници) по завршувањето на редовните задолжителни часови со времетраење од 8:00 до 15:00 часот | Во текот на наставната година | Одделенски наставник | Училница |
| Заминување на учениците од училиште од 15:00 до 15:15 | Во текот на наставната година | Одделенски наставник | Училница |
| Зглижување на учениците од 15:15 до 17:00 часот | Во текот на наставната година | Одделенски наставник | Училница, евидентни листови |

## 4. Евалуација на работата на основното училиште во претходните четири години

### 4.1 Самоевалуација на основното училиште

| Подрачје | Резултати |
|---|---|
| **Наставни планови и програми** | ➢ Училиштето ги има обезбедено сите наставни планови и програми на МОН и БРО по предмети, подрачја и активности. Иститe се реализираат во пропишаниот обем;<br>➢ Во соработка со училишниот дефектолог, одделенските наставници имаат изработено ИОП-и за учениците со ПОП;<br>➢ Стручната служба ги следи планирањата на наставниците според утврдени процедури за поддршка и следење на планирањата;<br>➢ Примена на разновидни наставни методи и форми на работа за успешна реализација на наставните содржини; |

| | |
|---|---|
| | ➢ Постапката за слободни изборни предмети се спроведува според насоките од водичот за Слободни изборни предмети издаден од БРО 2021 година;<br>➢Не постои родова и етничка поделеност во училиштето;<br>➢ Наставниот кадар користи разновидни техники и методи со кои ги препознава и води грижа за образовните потреби на секој ученик. За поефикасно решавање на проблемите со учењето на учениците, се водат индивидуални разговори со родителите;<br>➢ Постои заемна соработка на ниво на стручни активи;<br>➢ Учениците учествуваа на градски, општински и државни натпревари, каде освоија многубројни награди;<br>➢ Наставниците имаат позитивен и професионален однос кон учениците и родителите. |
| **Постигнувања на учениците** | ➢Секој наставник во текот на целата учебна година ги следи постигнувањата на учениците. Води индивидуален дневник во кој ги бележи сите активности од страна на учениците;<br>➢ Наставниците планираат и превземаат конкретни активности за постојано подобрување на постигањата на учениците;<br>➢ Постоењето на процедура за идентификација на ученици со тешкотии во учењето, ученици со посебни образовни потреби;<br>➢ Во училиштето се следи и анализира редовноста на учениците. |
| **Учење и настава** | ➢ Наставниците користат разновидни форми и методи кои соодвествуваат на потребите на учениците и нивните стилови на учење;<br>➢ Со учениците се однесуваат на начин кој промовира почитување, помош и соработка;<br>➢ Наставниците користат различни инструменти и методи за оценување на напредокот на учениците;<br>➢ За време на часовите учениците се охрабрени да поставуваат прашања и да изведуваат заклучоци;<br>➢ Наставниците кон сите ученици се однесуваат еднакво, независно од полот, социјалното потекло и етичката припадност. |
| **Поддршка на учениците** | ➢Училиштето претставува безбедна и стимулативна средина за учење и работа. Безбедноста, хигиената и грижата за здравјето на учениците и вработените е на<br>високо ниво;<br>➢ Училиштето има прилагоден пристап за лица со телесни пречки. Инфраструктурата во училиштето и дел од просториите се специјално опремени за нивно користење;<br>➢ Училиштето има Сензорна соба за престој и работа на ученици со пречки во развој;<br>➢ Наставниците во училиштето континуирано ги следат постигнувањата на учениците по наставни предмети и |

| | |
|---|---|
| | квалификациони периоди, планираат и преземаат конкретни активности за постојано подобрување на успехот на учениците и обезбедуваат поддршка во редовната настава за талентираните и надарени ученици, но и за учениците кои имаат потешкотии во совладување на наставниот материјал;<br>➢ Училиштето системски го следи почитувањето на кодексот на однесување на учениците и вработените, редовноста, дисциплината и поведението во текот на воспитно – образовниот процес;<br>➢ Постои ефективна соработка меѓу раководниот кадар, стручната служба, одделенските/класните раководители и родителите на учениците. Родителите транспарентно се информирани за постигањата на учениците ( на родителски или индивидуални средби или со пристап во е - дневникот);<br>➢ Училиштето организира активности кои го поддржуваат моделот за меѓуетничка комуникација, соработка и толеранција помеѓу учениците;<br>➢ Во училиштето се даваат јасни и точни информации за целокупната настава;<br>➢ Приоритетна задача на училиштето во координација со институциите на локалната самоуправа, е превземање на активности за безбедност и заштита на учениците од секаков вид на насилство;<br>➢ Примена на Упатството за постапката за пријавување и заштита на ученик жртва на која било од формите на насилство, злоупотреба и занемарување издадено од МОН. |
| **Клима во училиштето** | ➢ Меѓусебното почитување и разбирање како меѓу наставниците, така и меѓу наставниците, учениците и останатиот персонал;<br>➢ Училиштето ја негува родовата сензитивност, и во него постои еднаков и правилен третман кон учениците од различна полова и етничка припадност и социјално потекло, ја подржува инклузивноста и ја зајакнува партиципацијата на учениците, родителите и заедницата во училишниот живот;<br>➢ Соработката со родителите е на завидно ниво;<br>➢Училиштето го поттикнува прифаќањето и промовирањето на мултикултурализмот, успешно го реализира проектот за меѓуетничка интеграција;<br>➢Училиштето јавно ги промовира своите постигнувања и активности, како преку разни манифестации, така и преку медиумите;<br>➢ Во училиштето се негува хуманост и солидарна помош кон ученици од социјално загрозени семејства;<br>➢ Училиштето соработува со: МОН, БРО, ДИК, Општина Центар, МВР, детската амбасада Меѓаши, медиуми, други училишта итн; |

| | |
|---|---|
| | ➢ Се почитува и спроведува кодексот на однесување меѓу ученик-наставник-психолог-директор и останатите вработени;<br>➢Постои меѓусебна соработка со локалната самоуправа при реализирање на разни активности;<br>➢ Се води грижа за насочување на учениците за правилен избор на понатамошно образование - професионален развој на учениците;<br>➢ Училиштето има постојано добра соработка со родителите;<br>➢ Соработката со локалната заедница, деловната заедница и невладиниот сектор е на високо ниво. |
| **Ресурси** | ➢ Училиштето располага со соодветни простории и училници;<br>➢ Планот на училишната зграда е според стандардот за изградба на животна средина, ИСО стандард и енергетски ефикасна;<br>➢ Училиштето располага со стабилен интернет;<br>➢ Се користи ИКТ во наставата, разновидни наставни средства и помагала;<br>➢ Училиштето овозможува професионално и стручно усовршување на наставниот кадар;<br>➢ Стручните соработници во училиштето се отворени за соработка со учениците, родителите и наставниот кадар. |
| **Раководење, управување и креирање политики** | ➢Наставниците учествуваат во креирање на целите и нивна реализација, како и во креирање на вредностите на училиштето;<br>➢Вработените, родителите и учениците, активно учествуваат во креирање на целите, начелата и вредностите на училиштето;<br>➢Во училиштето постојат услови за демократско одлучување;<br>➢Училиштето има воспоставено соработка со локалната средина за подобрување на инфраструктурата;<br>➢Училиштето води политика на взаемно почитување, еднаквост, хуманост и толеранција;<br>➢Соработката со сите субјекти во училиштето е добра;<br>➢Директорот воспоставува добри односи со наставниците, учениците и другите установи со кои соработува;<br>➢Директорот работи транспарентно, развива доверба и ги мотивира вработените за тимска работа;<br>➢Учениците, родителите и наставниците се навремено и редовно информирани за случувањето во училиштето;<br>➢Наставниците ги поттикнуваат учениците да учествуваат во натпревари во училиштето и надвор од него;<br>➢Директорот и наставниците добро се однесуваат со учениците;<br>➢Директорот обезбедува комуникација која се темели на почит и взаемна соработка на сите вработени во училиштето;<br>➢Постигањата на учениците и промовирањето на училиштето се приоритет; |

| | |
|---|---|
| | ➢Вработените, родителите и учениците активно учествуваат во креирање на целите, начелата и вредностите на училиштето;<br>➢Училиштето континуирано ги идентификува потребите за стручно усовршување на стручниот кадар;<br>➢Училиштето води политика за поддршка на учениците со различни предиспозиции и способности;<br>➢Во реализација на наставата во училиштето наставниците користат современи методи и техники при работа;<br>➢Училиштето ги поттикнува и ги поддржува учениците да спроведуваат активности со кои помагаат на заедницата;<br>➢Учениците, родителите и вработените се запознаени со правилата на однесување, куќниот ред и протоколот на училиштето. |

### 4.2 Интегрална евалуација на основното училиште

**Во нашето училиште сѐ уште не е спроведена интегрална евалуација**

| Подрачје | Согледувања |
|---|---|
| Наставни планови и програми | |
| Постигнувања на учениците | |
| Учење и настава | |
| Поддршка на учениците | |
| Клима во училиштето | |
| Ресурси | |
| Раководење, управување и креирање политики | |

## 5. Фактори кои влијат на развојот на основното училиште (СВОТ анализа)

**СВОТ анализа**

**Подрачје 1 Наставни планови и програми**

**1.1 Реализација на наставни планови и програми**

| Предности (силни страни) на основното училиште | Слабости (слаби страни) на основното училиште |
|---|---|
| Училиштето ги има обезбедено сите наставни планови и програми на МОН и БРО по предмети, подрачја и активности. Истите се реализираат во пропишаниот обем;<br>Во соработка со училишниот дефектолог, одделенските наставници имаат изработено ИОП-и за учениците со ПОП; | Зголемување на бројот на ученици и недоволно просторни можности;<br>Поради зголемување на бројот на ученици во училиштето, потребна е набавка на поголем број компјутери за опремување на кабинетот по информатика кој го користат ученици од одделенска и предметна настава при |

| | |
|---|---|
| Стручната служба ги следи планирањата на наставниците според утврдени процедури за поддршка и следење на планирањата;<br>Примена на разновидни наставни методи и форми на работа за успешна реализација на настаните содржини;<br>Постапката за слободни изборни предмети се спроведува според насоките од водичот за Слободни изборни предмети издаден од БРО 2021 година;<br>Не постои родова и етничка поделеност во училиштето;<br>Наставниот кадар користи разновидни техники и методи со кои ги препознава и води грижа за образовните потреби на секој ученик. За поефикасно решавање на проблемите со учењето на учениците се водат индивидуални разговори со родителите;<br>Постои заемна соработка на ниво на стручни активи;<br>Учениците учествуваа на градски, општински и државни натпревари, каде освоија многубројни награди;<br>Наставниците имаат позитивен и професионален однос кон учениците и родителите. | реализација на тековните активности по одделни предмети. |
| **Можности (прилики) што произлегуваат од работата за основното училиште** | **Закани, пречки (опасности) што произлегуваат од опкружувањето за основното училиште** |
| Користење на можностите на локалната заедница во функција на квалитетно планирање и реализација на наставата и воннаставните активности<br><br>Зголемување на учеството на училиштето во реализација на проектни активности во соработка со училишта од други држави, со цел јакнење на квалитетот на наставата, збогатување на искуството на наставниците и учениците. | Зголемениот број на ученици ќе предизвика потреба од работа во смени. |

## Подрачје 6 Ресурси

### 6.1 Наставни средства и материјали

| **Предности (силни страни) на основното училиште** | **Слабости (слаби страни) на основното училиште** |
|---|---|
| Училиштето има јасен план и распоред, и максимално ги користи располжливите капацитети за изведување на наставата и воннаставните активности, со што ги задоволува потребите на учениците;<br>Училиштето располага со соодветни простории и училници;<br>Планот на училишната зграда е според стандардот за изградба на животна средина, ИСО стандард и енергетски ефикасна;<br>Училиштето располага со стабилен интернет;<br>Се користи ИКТ во наставата, разновидни наставни средства и помагала. | Зголемување на бројот на ученици и недоволно просторни можности;<br>Поради зголемување на бројот на ученици во училиштето, потребна е набавка на поголем број компјутери за опремување на кабинетот по информатика кој го користат ученици од одделенска и предметна настава при реализација на тековните активности по одделни предмети;<br>Библиотеката делумно располага со соодветна современа стручна педагошка литература, како и литература и асистивна технологија за деца со ПОП. |
| **Можности (прилики) што произлегуваат од работата за основното училиште** | **Закани, пречки (опасности) што произлегуваат од опкружувањето за основното училиште** |
| Уредување на училишниот двор (екстериер и холтикултура);<br><br>Опремување на кабинет за потребите на надарени и талентирани деца;<br><br>Опремување на училишната библиотека со стручна педагошка литература преку соработка со универзитети, БРО, издавачки куќи и обезбедување на донации од истите;<br><br>Набавка на асистивна технологија за учениците со ПОП. | Свест и одговорност на локалното население во грижата за зачувување на уреден двор, во времето кога училиштето нема настава;<br>Недоволно материјални средства и извори за обезбедување опрема за деца со посебни потреби. |

## 6. Мисија и визија на основното училиште

***ВИЗИЈА***

Сакаме безбедно и отворено училиште за сите ученици, родители и наставници, кое промовира позитивни вредности во општеството и поттикнува соработка со животната средина. Се стремиме кон образовен процес кој ќе одговори на општествените промени и во кој секој ученик е уникатно и сложено суштество и ги развива сите димензии на неговата личност. Развиваме свест за сопствениот национален идентитет и важноста на културното наследство, мултикултурализамот и општите цивилизациски вредности како што се толеранција, почитување на човековите права и постапување по демократски принципи и негуваме знаење, солидарност, идентитет и одговорност преку слободна соработка во триаголникот ученик-наставник-директор.

***МИСИЈА***

Го одржуваме квалитетот на редовната настава на највисоко ниво преку задоволување на различни интереси и афинитети на учениците во воннаставните активности, со цел развивање на нивниот потенцијал во различни области од животот. Овозможуваме и инсистираме на стручно оспособување и унапредување на наставниците, стручните соработници и директорите, и ги опремуваме канцелариите и училниците со современи наставни и дидактички алатки, со континуирано спроведување на мерки за заштита и безбедност. Негуваме континуирана соработка со организациите и институциите кои се грижат за животната средина, и ги поттикнуваме учениците да учествуваат во волонтерски, хуманитарни и еколошки акции.

Накратко, нашата мисија и визија е да создадеме атмосфера во училиштето каде што учениците се среќни и задоволни, каде што наставниците се професионални, образовани и мотивирани за работа и каде родителите се задоволни и подготвени да бидат дел од тим кој создава и напредува.

## 7. Стратешки цели и приоритетни подрачја за развој на основното училиште во четиригодишниот период

| **Приоритетно подрачје** | 1. **Подобрување на работата со надарените ученици преку раната идентификација на таленти во одредени области под мотото „Да ги препознаеме големите таленти додека сè уште се наши ученици"** | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Стратешка цел:** Конкурентни знаења, вештини и компетентност на учениците на национално и меѓународно ниво | | | | | |
| **Конкретна цел 1.1** Зголемување на компетентноста на наставниците за препознавање талентирани ученици | | | | | |
| <u>Активности</u><br><br>Обука на наставниците за работа со талентирани ученици | <u>Индикатори за успех</u><br><br>Обучени се околу 50% од наставниците | <u>Носители на активностите</u><br><br>Директор, педагог, психолог, специјален едукатор и рехабилитатор, | <u>Временска рамка за имплементација</u><br><br>2024-2028год. | <u>Потребни ресурси</u><br><br>Буџет, донации | Тим за следење на реализацијата на активностите |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | одделенски и предметни наставници | | | |
| **Конкретна цел 1.2** Идентификување на талентираните ученици | | | | | |
| Активности<br><br>Формирање на Тимот за поддршка и следење на работата со надарени - талентирани ученици | Индикатори за успех<br>Формиран Тим за поддршка и следење на работата со надарени ученици | Носители на активностите<br>Директор, педагог, психолог, специјален едукатор и рехабилитатор | Временска рамка за имплементација<br><br>Почеток на учебна 2024/2025год. | Потребни ресурси<br><br>Буџет | Тим за следење на реализацијата на актив-ностите |
| Утврдување на афинитетите на учениците кон одредени области или предмети | Зголемен број на идентификувани талентирани ученици и реализирани активности | Стручни соработници, одделенски и предметни наставници | континуирано | буџет, донации | Тим за следење на реализацијата на активностите |
| **Конкретна цел 1.3** Јакнење на компетенциите кај талентираните ученици кон одредени области | | | | | |
| Активности<br><br>Организирање на тематски работилници за работа со надарени/талентирани ученици | Индикатори за успех<br><br>Број на организирани тематски работилници од различни области, список на присутни ученици, следење на работата со надарени ученици | Носители на активностите<br><br>Одделенски и предметни наставници, Тимот за поддршка и следење на работата со надарени ученици, стручна служба | Временска рамка за имплементација<br><br>Континуирано | Потребни ресурси<br><br>Буџет, донации | Тим за следење на реализацијата на активностите |
| Мотивирање и подготовка на учениците за натпревари и учество на конкурси | Извештај за бројот на реализирани воннаставни спроведени активности со цел да се подготват учениците за учество на натпревари и конкурси | Одделенски и предметни наставници/активи | Распоред според Календарот на натпревари | Буџет, донации | Тим за следење на реализацијата на активностите |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Организирање и учество на учениците на натпревари од различни области | Извештај за бројот на ученици кои учествувале на натпревари и конкурси. Освоени места – награди дипломи, пофалници | Одделенски и предметни наставници, Тимот за поддршка и следење на работата со надарени ученици, стручна служба | Во второто полугодие на учебната година | Буџет, донации | Тим за следење на реализацијат а на активностите |
| **Конкретна цел 1.4** Истакнување на учениците кои покажуваат талент во одредена област | | | | | |
| Активности<br><br>Јавно истакнување на учениците кои освоиле награди и покажале особени резултати | Индикатори за успех<br><br>Број на освоени награди, пофалници .<br>Број на публикации, статии, аудио-видео снимки, документирано учество во медиуми | Носители на активностите<br><br>Директор, педагог, психолог, стручни соработници, одделенски и предметни наставници, Тимот за поддршка и следење на работата со надарени ученици | Временска рамка за имплементација<br><br>Континуирано | Потребни ресурси<br><br>Буџет, донации | Тим за следење на реализацијат а на активностите |
| Снимање кратки видео приказни за учениците кои поседуваат одредени таленти и нивно презентирање на страницата на училиштето, во училишниот дигитален весник ,,Клик” (на инстаграм). Нивно промовирање под мотото **„Да ги препознаеме големите таленти додека сѐ уште се наши ученици"** | Број на статии, аудио-видео снимки, кратки видеа | Ученици и наставници-членови на Новинарската секција ,,Клик’” Стручни соработници, одделенски и предметни наставници, класни раководители, тимот за поддршка и следење на работата со надарени ученици. | Континуирано | Буџет, донации | Тим за следење на реализацијат а на активностите |

| **Приоритетно подрачје** | **2. Зајакнување на капацитетите на училиштето за инклузивно образование** | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Стратешка цел: Училиштето да биде стимулативна инклузивна средина што вклучува изведба на неколку стратешки проектни активности** | | | | | |
| **Конкретна цел 2.1** Изградба на Инклузивно игралиште | | | | | |
| Активности<br><br>Изградба на игралиште со цел стимулација на учениците со попреченост и нивна вклученост во играта, како би добиле еднакви можности за образование, спортување, учење и другарување со сите останати ученици. | Индикатори за успех<br><br>Изградено инклузивно игралиште | Носители на активностите<br><br>Директор, стручна служба, инклузивен тим, родители | Временска рамка за имплементација<br><br>2024-2028 год. | Потребни ресурси<br><br>Буџет, донации | Тим за следење на реализацијата на активностите |
| **Конкретна цел 2.2** Изградба и опремување на Сензорна градина | | | | | |
| Активности<br>Создавање на простор наменет за децата со типичен развој за поттикну-вање на нивните сетила и нивниот развој, но и за децата со атипичен развој за созревање на личните способности, надградба на физичките вештини и овозможување на широк спектар на сетилни искуства за подобра стимула ција.<br>Создавање заеднички простор кој ќе ги соедини сите ученици | Индикатори за успех<br><br>Изградена сензорна градина | Носители на активностите<br><br>Директор, стручна служба, инклузивен тим, родители, одделенски и предметни наставници | Временска рамка за имплементација<br><br>Почеток на учебна 2024/2025 год. | Потребни ресурси<br><br>Буџет, донации | Тим за следење на реализацијата на активностите |

| **Конкретна цел 2.3** Обука на наставници за користење на специјално дизајнирани простори во училиште | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Активности<br><br>Обука на наставниците за користење на специјално дизајнирани простори во училиштето, како со помош на иновации и знаење би се обезбедила поддршка потребна за учениците . | Индикатори за успех<br><br>Обучени наставници<br><br>Задоволство кај учениците-корисници на овие простори | Носители на активностите<br><br>Директор, стручна служба, инклузивен тим, родители одделенски и предметни наставници | Временска рамка за имплементација<br><br>континуирано | Потребни ресурси<br><br>буџет, донации | Тим за следење на реализацијата на активностите |

| **Приоритетно подрачје** | **3. Уредување на просторот за учење – модерно училиште со висок рејтинг во општеството** | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Стратешка цел: Подобрување на условите во училиштето во насока на обезбедување на квалитетна образовна инфраструктура со просторни услови, за одвивање на современа наставна програма, која директно ќе влијае врз мотивацијата и менталното здравје на наставниците и учениците, и ќе овозможи постигнување на подобри резултати.** | | | | | |
| **Конкретна цел 3.1** Кабинети за вонннаставни активнооsти | | | | | |
| Активности<br>Адаптација и прена мена на дел од училишните помош ни кабинети во простор наменет за секции, клубови во кои ќе се реализира ат активности според желбите и интересот на учениците: лабараторија за истражување, лабараторија за развивање фотогра фии, кујна, мултинаменски катчиња со цел оспособување на учениците активно и одговорно да учест вуваат во општестве ниот и културниот | Индикатори за успех<br>Уредени катчиња (кабинети)<br><br>Задоволни и успешни ученици вклучени по свој слободен избор во вонннаставните активности | Носители на активностите<br><br>Директор, наставници, родители | Временска рамка за имплементација<br><br>2024-2028 год. | Потребни ресурси<br><br>Буџет, донации | Тим за следење на реализацијата на активностите |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| живот, да ја разви вaат својата личност и потенцијал, како и успешно да ги задо волуваат своите интереси, умеења, вештини и способности | | | | | |
| **Конкретна цел 3.2** Уредување на спортското игралиште во училишниот двор | | | | | |
| Активности<br>Изградба на модерно спортско игралиште, поставување ограда, нови голови, специјална подлога за фудбал, трибини. Создавање услови за непречено одржување на спортските активности во училишниот двор | Индикатори за успех<br>Обновен и модерен изглед на спортското игралиште<br>Учениците и вработените се чувствуваат попријатно и побезбедно<br>Обезбедени подобри услови и побезбедна средина при спортските активности на учениците. | Носители на активностите<br>Директор, стручна служба, родители, одделенски и предметни наставници | Временска рамка за имплементација<br><br>2024-2028 год. | Потребни ресурси<br><br>Буџет, донации | Тим за следење на реализаци јата на активност ите |
| **Конкретна цел 3.3.** Ботаничка градина | | | | | |
| Активности<br>Изградба на ботаничка градина (стакленик), од наставно-научен, едукативен, културен и рекреативен карактер<br>Учениците ќе можат искуствено да учат, акцентот се става на природните науки, развивање на свесноста и важноста на заштитата на животната средина и намалување на | Индикатори за успех<br>Ботаничка градина од јужната страна во училишниот двор<br>Задоволство кај учениците од методот на искуствено учење<br>Развивање на еколошката свест кај учениците и грижа кон растителниот свет и | Носители на активностите<br>Директор, стручна служба, родители, одделенски и предметни наставници | Временска рамка за имплементација<br><br>2024-2028 год. | Потребни ресурси<br><br>Буџет, донации | Тим за следење на реализаци јата на активност ите |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| влијанието на климатските промени и човекот врз природата. | природата | | | | |

| **Конкретна цел 4.3** Училница на отворено во склоп на ботаничката градина | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Активности<br>Нов уникатен начин на помину<br>вање наставата во релаксирана средина. Сето ова насочување кон воведување на нова пракса и поинакви услови од постојните, цели кон исполнување на современите европски стандарди, каде што убавото време во училиштата секогаш се кори сти за учење и рекреација. Во училницата на отворено сите ученици ќе можат да престојуваат, неограничено да играат и да се едуцираат на еден интересен начин | Индикатори за успех<br>Уредена зона на отворено од јужната страна во училишниот двор Овој простор освен за настава на отворено, ќе се користи и за родителски средби, но и да се реализираат работилници и вонучилишни активности. | Носители на активностите<br>Директор, стручна служба, родители, одделенски и предметни наставници | Временска рамка за имплементација<br>2024-2028 год. | Потребни ресурси<br>Буџет, донации | Тим за следење на реализаци јата на активност ите |

8. **Соработка на основното училиште со родителите/старателите**

Соработката на училиштето со родителите и во наредниот период ќе се заснова на транспарентност, партнерска соработка и продуктивност, со вклучување на родителите во животот и работата на училиштето. Советот на родители се формира од родителите на учениците за организирано остварување на интересите на учениците во нашето училиште. Во Советот на родители има по еден претставник од секоја паралелка кој што го избираат родителите на првата општа родителска средба на паралелката. Советот на родители дава мислење за Годишната програма и Развојната програма на училиштето, расправа за Извештајот за работата на училиштето, предлага програми за подобрување на стандардите за наставата, дава согласност на предлозите на директорот за воведување на повисоки стандарди, избира претставници во Училишниот одбор на основното училиште, и врши други работи утврдени со Статутот на училиштето. Советот на родители изготвува програма и преку нејзината реализација се овозможува родителите да учествуваат во донесување решенија и одлуки во интерес на сите субјекти во училиштето. Родителите се вклучени во донесување на одлуки на ниво на паралелката и преку Советот на родители. Тие даваат идеи и предлози за реализација на одредени

активности во училиштето. Во Училишниот одбор тројца од членовите се од редот на родителите. Тие, исто така даваат активен придонес во работата на Училишниот одбор. Вклучени се во донесувањето на одлуки кои произлегуваат од програмата на Училишниот одбор. Родителите соработуваат со наставниците и другите субјекти во училиштето. Во текот на наставната година се организираат општи родителиски средби и приемни денови за индивидуални средби (еднаш во неделата со истакнат распоред на огласната табла), и по потреба групни родителиски средби. Родителите усно и писмено континуирано се известуваат за сите активности во училиштето, добиваат информации за редовноста, напредокот, постигањата и поведението на учениците. Семејствата добиваат информации за наставниот процес преку континуирана соработка со Училишниот одбор, директорот, наставниот кадар, стручната служба и учениците. Преку конструктивната соработка со одделенскиот раководител/раководителот на паралелката и стручната служба, родителите навремено се информираат за индивидуалниот напредок на нивното дете, социјализација, адаптација, и заедночки се превземаат соодветни мерки за надминување на проблемите. Родителите имаат можност да дадат свој придонес во насока на унапредување на воспитнообразовната работа на училиштето. За поуспешна реализација на наставниот процес, по потреба ќе се вклучуваат и родители, споделувајќи ги своите професионални знаења и искуства. Се планира родителите да учествуваат во организирање разни работилници, трибини и дебати. Семејствата може да помагаат при набавка на материјали во процесот на учење и при изработка на нагледни средства и помагала. Родителите ќе придонесат за поуспешно реализирање на разни воннаставни активности, преку учество во организирање на натпревари (превоз, поддршка), реализација на екскурзии (вклучени во комисии), проекти (поддршка), хуманитарни акции, хепенинзи, забави за учениците, работни акции и посета на институции. За поуспешна организација на најразлични манифестации, промоции и приредби се планира родителите да земаат активно учество во истите. Целта на овие активности е да се зајакне врската родител-наставник-ученик, и да се унапреди воспитната компонента во воспитно-образовниот процес. На почетокот на секоја учебната година, училиштето изготвува информативна Брошура која што се доставува на родителите. Исто така, при запишувањето на децата во прво одделение, родителите се запознаваат со можностите што ги нуди нашето училиште.

## 9. Соработка на основното училиште со општината, институциите од областа на образованието, НВО итн.

Училиштето постојано ја унапредува и продлабочува соработката со Општина Центар. Претставниците во училишниот одбор од Општината присуствуваат на јавни настани кои ги реализира училиштето, ја следат дејноста на училиштето, учествуваат во работата на Училишниот одбор. И во наредните четири години, училиштето ќе ја продолжи својата соработка со: културните институции на ниво на град Скопје, училиштата од Општина Центар, како и со училишта од другите општини на ниво на град Скопје и надвор од него, со Општина Центар, БРО, МОН, ДИЦ, Државен просветен инспекторат, Сектор за основно образование, детски градинки, други основни и средни училишта и факултети и разни невладини организации кои делуваат во околината.

## 10. Следење на имплементацијата на Развојната програма за работа на основното училиште

| Приоритетни подрачја за следење | Начин и време на следење | Одговорно/ни лице/а | Кој треба да биде информиран за следењето |
|---|---|---|---|
| **Подобрување на работата со надарените ученици** | Прибрани согледувања на крајот од учебните години | Директор, стручна служба | Наставничкиот совет, Совет на родители, Училишен одбор |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **преку раната идентификација на таленти во одредени области под мотото „Да ги препознаеме големите таленти додека сѐ уште се наши ученици"** | Записници од Одделенски и Наставнички совети, Годишни извештаи, анкети и др. од 2024-2028 год. | | |
| **Зајакнување на капацитетите на училиштето за инклузивно образование** | Прибрани согледувања на крајот од учебните години Записници од Одделенски и Наставнички совети, Годишни извештаи, анкети и др. од 2024-2028 год. | Директор, стручна служба Инклузивен тим | Наставничкиот совет, Совет на родители, Училишен одбор |
| **Уредување на просторот за учење-модерно училиште со висок рејтинг во општеството** | Прибрани согледувања на крајот од учебните години Записници од Одделенски и Наставнички совети, Годишни извештаи, анкети и др. од 2024-2028 год. | Директор, стручна служба | Наставничкиот совет, Совет на родители, Училишен одбор |

## 11. Евалуација на Развојната програма за работа на основното училиште

Евалуацијата на Развојната програма за работа на училшитето и реализацијата на предвидените активности во наредниот четиригодишен период, ќе се настојува да се реализира со активно следење и евалуирање на активностите од членовите на работните групи на приоритетните подрачја за самоевалуација. Тие тоа ќе го реализираат преку: прашалници, документи, записници и протоколи, дискусии, интервјуа, увид во работата на учениците, процес на набљудување, независни евалуациони извештаи и други инструменти.

## 12. Заклучок

Врз основа на член 49 став (1), (2) и (3) од Законот за основно образование (Сл.весник на РСМ бр. 161 од 5.8.2019 година), ООУ „Киро Глигоров“ – Скопје ја изготви Развојна програма за работа на основното училиште за период од 2024 – 2028 година. Во развојната програма за работа на училиштето земени се во предвид резултатите од „Самоевалуација на училиштето за периодот од 2019-2021 и 2021-2023“, советодавната и стручната помош од Бирото за развој на образованието, Годишните извештаи за работа на училиштето во претходните 4 учебни години. Беа разгледани сите предности и недостатоци во училиштето, силните и слабите страни во досегашното работење на училиштето, како и пречките во остварувањето на одредени приоритетни подрачја во изминатата Развојна програма на училиштето во периодот од 2020 – 2024 година. Врз основа на целата оваа документација, се изработи SWOT анализата. Потоа Комисијата донесе одлука кои стратешки цели и приоритетни подрачја ќе се развиваат преку планирани конкретни активности.

## 13. Комисија за изработка на Развојната програма за работа на основното училиште

Билјана Билбиловска - директор

Марина Стојановска- педагог

Ирена Пешевска - одделенски наставник

Тања П.Грујовски - одделенски наставник

Ана Накова - одделенски наставник

Ѓорѓи Ристески - предметен наставник

Сања П.Крстиќ - предметен наставник

Благица Б.Богдановска - предметен наставник

Инека Мостерман - член од редот на родители

## 14. Користена литература

Закон за основно образование (Службен весник на РСМ, бр. 161 од 5.8.2019 година);

✓ „Правилник за формата и содржината на развојната и годишната програма за работа на основното училиште“, Министерство за образование и наука, 2020 (www.mon.edu.mk);

✓ „Нормативи и стандарди за простор, опрема и наставни средства за основно училиште во Република Северна Македонија“, Биро за развој на образованието - Скопје, 2020 година (www.bro.gov.mk);

✓ „Стратегија за образованието 2018-2025 година и Акциски план“, Министерство за образование и наука - Скопје, 2018 (www.mon.edu.mk);

✓ „Самоевалуација, 2019-2021“, ООУ „Киро Глигоров“ - Скопје;

✓ „Програма за развој на училиштето за период од 2020 -2024 година“;

✓ Статут на ООУ „Киро Глигоров“- Скопје;

✓ Годишна програма за работа на ООУ „Киро Глигоров”- Скопје од претходните 4 учебни години

✓ Годишни извештаи за работа на ООУ „Киро Глигоров“- Скопје од претходните 4 учебни години;

Претседател на

Училиштен одбор Директор

--------------------------------------- -------------------------------------

Александра Анчева Билјана Билбиловска

М.П

Скопје,15.2.2024 година